ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
INSTITUCIONI PUBLIK KOMUNAL
БИБЛИОТЕКА - BIBLIOTEKA
„ТАНЕ ГЕОРГИЕВСКИ"-"TANE GEORGIEVSKI"
Бр.Nr. 02 - 309/1
10.11 2021 год./viti.
КУМАНОВО - KUMANOVË

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20 и 74/21), а согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 185/2021 од 06.08.2021 година),Решение за ставање во мирување на започната пстапка за селекција на кандидати за вработување по јавен огласброј 01/2021 година арх.бр. 02-223/1 од 09.08.2021 година, директорот на Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово на ден 10.11.2021 година донесе,

**Решение**
**за продолжување на започната постапка за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас број 01/2021**

1 **Се продолжува со започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување по донесено Решение за објавување на Јавен оглас арх.бр.02-204/1 од 19.07.2021 година за вработување на 4 (четири) лица, даватели на услуги на неопределено време во ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски" - Куманово**
2 **Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето на истото.**

**Образложение**

Согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик според кој од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.Врз основа на горенаведеното донесено е Решение за ставање во мирување на започната постапка за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас 01/2021 година арх.бр.02-223/1 од 09.08.2021 година.

Имајќи во предвид дека постапката за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 185/2021 од 06.08.2021 година) е завршена, директорот на ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски" одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** *Против оваа Решение не е дозволена жалба.*

Директор,
Христина Алесковска